Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.
______ 20___ год.
Потпис,
______

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор

Ип 1 бр. 57-69
Датум: 29.9.2020 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Друштво за аудио и видео услуги Мјузик инкубатор ДООЕЛ - Сопиште (во натамошниот текст: Мјузик инкубатор) |
| Седиште/адреса на субјектот | |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро сметка на субјектот | |
| Банка депонент | Халк банка АД, Скопје |

| | | |
|---|---|---|
| Одговорно лице на субјектот: | | |
| Име и презиме: , управител | Телефон | Е-пошта |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 25.9.2020 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 8.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 29.9.2020 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 11.00 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши | Службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

9) При инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

- По поднесената Пријава бр. УП1 19-4707 од 19.11.2018 г. на годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2019 г. од областа на фолклорот, музичката и музичко-сценската дејност (во прилог е доставена и изјава за соработка меѓу Мјузик инкубатор, Излет мјузик и Македонска филхармонија), со Решение на министерот за култура УП1 бр. 19-4707/2018 од 8.3.2019 г., прифатен е проектот на Мјузик инкубатор: „KINK, Цијан Емин и Македонска филхармонија", а за негова реализација доделени се срества во износ од ценари, односно, според наведеното во Решението, проектот се финансира со 13% од побараните средства денари).

- Врз основа на Решението на министерот за култура, склучен е Договор бр. 20-5273/1 од 22.4.2019 г., со којшто одобрени се средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во вкупен износ од денари, наменети за реализација на проектот „KINK, Цијан Емин и Македонска филхармонија", и тоа за хонорари и техничка опрема. По Барање од Мјузик инкубатор, бр. 18-7399/1 од 3.6.2019 г. за измена на проектот (поради доцна одобрени средства и неплатен аванс, KINK ја откажал соработката), како и за одобрување на дополнителни ценари, МК се согласило на измена на проектот и тој да гласи „Цијан Емин и Македонска филхармонија" (за што е склучен е Анекс-договор бр. 20-5273/3 од 11.6.2019 г.), додека дополнително побараните средства не се одобрени.

- Според презентираната фото и видео документација (плакат, написи во медиуми, видео-запис од настанот), Концертот на Цијан Емин, Македонска филхармонија и ЗЦМ оркестарот, насловен како „Нурни длабоко" (така е наведено на плакатот), е реализиран на 2.8.2019 г., во Античкиот театар во Охрид, со учество на 24 музичари, од коишто 16 од Македонска филхармонија, а 8 од ЗЦМ оркестарот (Здружение на џез музичари), при што влезот бил бесплатен, како подарок за граѓаните. Според изјавата на , тој не знаел дека за „Нурни длабоко", како уметнички наслов на концертот, како и за вметнувањето на ЗЦМ оркестарот како учесници наведени на плакатот, требало да го извести МК. Според него, „Нурни длабоко" е само уметнички наслов, којшто суштински не го менува проектот, исто како што и учеството на неколку џез музичари било планирано уште од самиот почеток на проектот, а наведувањето на ЗЦМ оркестарот е повеќе заради популаризација на оркестарот чиишто членови биле музичарите. Притоа, од страна на инспекторот му е укажано на присутното лице за потребата од почитување на обврската од

преведувањето на преостанатата обврска од МК по Договорот во износ од денари.

- Во однос на обврската од членот 68 став (3) од ЗК, како и член 5 став (1) од Договорот со МК, на соодветен образец до МК да биде доставен наративен и финасиски извештај за реализацијата на проектот, при надзорот е утврдено дека Мјузик инкубатор доставил Извештај за реализација на проектот на 7.5.2020 г. (заведен во МК под бр. 20-5925/1 од 8.5.20202 г.), при што од страна на инспекторот беше укажано на обврската од Законот и Договорот дека извештајот треба да биде доставен во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот. Од страна на присутното лице беше изјавено дека доцнењето во доставувањето на извештајот е поради тоа што од соодветниот сектор во МК барале дополнителни материјали и документација за реализацијата на проектот и проверка на извештајот (како и поради измените во насловот и учеството на ЗЦМ оркестарот), како и дека поради тие причини доцнело и преведувањето на првиот дел од одобрените средства во износ од денари.

- Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, се констатира дека преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од денари, Мјузик инкубатор ги потрошил наменски за реализација на проектот „Џијан Емин и Македонска филхармонија", при што за уметничкиот наслов на концертот „Нурни длабоко" и за наведувањето на ЗЦМ оркестарот како учесник (заради учеството на неколку џез музичари), од страна на инспекторот му е укажано на присутното лице за потребата од почитување на обврската од член 6 став (2) од Договорот, согласно со којашто за измена на проектот, корисникот има обврска да го информира Министерството и да ги образложи причините за измените и дополнувањата.
- Мјузик инкубатор има постапено по обврската за доставување на наративен и финасиски извештај за реализација на проектот, но со задоцнување, поради што од страна на инспекторот беше укажано на обврската од Законот и Договорот дека извештајот треба да биде доставен во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот. Оттука, имајќи го предвид констатираното при вонредниот инспекциски надзор од аспект на примена на Законот за културата,


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| надзорот | во објект Нова Македонија |
| Главна дејност на субјектот на надзорот | Уметничко творештво (шифра: 90.03) |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на: Иницијативата од Секторот за дејности од областа на културата и уметноста на Министерството за култура, бр. 20-7204/1 од 30.6.2020 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: виш инспектор во СУИН на МК.

5) Предмет на вонредниот инспекцискиот надзор е спроведување на членот 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), односно надзор над наменското користење на одобрените средства денари) и преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од денари (прв дел), согласно со Договорот бр. 20-5273/1 од 22.4.2019 г. и Анекс-договорот бр. 20-5273/3 од 11.6.2019 г., како и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК, да биде доставен наративен и финасиски извештај за неговата реализација.

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што е во прашање вонреден инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| управител | | |

8) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

член 6 став (2) од Договорот, согласно со којашто за измена на проектот, корисникот има обврска да го информира Министерството и да ги образложи причините за измените и дополнувањата.

- Врз основа на Договорот, на жиро сметката на Мјузик инкубатор, преведени се средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во висина од 70% од одобрените средства, односно денари (Банков извод б од 16.4.2020 г.).

- Трошењето на програмските средства е прикажано во следниот табеларен преглед:

| Р. бр | Доверител | Намена | Износ | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | | Изнајмување на осветлување и озвучување на концертот | | - Платено по Фактура бр. 134/19 од 7.8.2019 г.<br>-Банков извод бр. д 24.9.2019 г. |
| 2. | | Видео снимање на концертот од страна на физичко лице | | - Платено по Фактура бр. 15486/19 од 4.9.2019 г.<br>- Банков извод бр. од 24.9.2019 г. |
| 3. | 24 музичари – физички лица | Музичка изведба за концертот на 2.8.2019 г. | | - Платено по 24 индивидуални договори меѓу Мјузик инкубатор и музичарите (поединечни договори во нето износ од денари), на трансакциски сметки на музичарите со платен персонален данок на буџетска сметка<br>- Банков извод бр. 7.5.2020 г. |
| ВКУПНО: | | | денари | денари се исплатени од сопствени приходи на Мјузик инкубатор |

- Според изјавата на управителот и презентираната документација, Мјузик инкубатор има ненамирени обврски кон него, како композитор на 9 нови музички композиции денари) и аранжер, оркестратор и диригент на концертот ( денари). Овие обврски треба да бидат подмирени по



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

инспекторот ја запира постапката во согласност со член 85 став (5) од Законот за инспекциски надзор.

10) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ забелешки.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: управител | | Печат и потпис на инспекторот за култура: виш инспектор | |
| Датум: | 29.9.2020 г. | Датум: | 29.9.2020 г. |


Министерство за културана Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk